# АНАЛИЗА НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ ПО ОДНОС НА СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ

- Во 2018 година вкупно во просек проактивно се објавуваат само 28 % од буџетските и програмските документи и информации кои треба да бидат јавно достапни на интернет страните.

- Во 2018 година, само три од дваесет и пет мониторирани институции се најдоа на листата на делумно транспарентни, кои објавуваат повеќе од 40 % од документите и информациите кои треба да се јавно достапни. На оваа листа се најдоа Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Општината Битола. Останатите дваесет и две институции спаѓаат во листата на проактивно нетранспарентни.

- Министерството за финансии и во 2018 како и во 2017 година останува единствена институција која што објавила најголем број документи од јавен карактер, односно објавила 12 документи.

- Најмалку објавени документи во 2018 година има на интернет страните на Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Кочани. Овие институции имаат објавено само завршна сметка.

- Ниту една од мониторираните институции нема објавена пред-буџетска изјава и ревизорски извештај во кој се изразени оценки и мислења за финансиското работење на институциите и други објаснувачки белешки кои го потврдуваат квалитетот и исправноста во работењето.

- Праксата на објавување на буџетски документи со кои се прикажуваат плановите на јавните институции, без да се овозможи увид во тековната реализација на истите, продолжува и во 2018 година. Односно, од вкупно мониторираните институции, седумнаесет објавиле усвоен буџет, осум ги објавиле усвоените измени и дополнувања на буџетот, само две објавиле месечни извештаи за извршување на буџетот, три објавиле полугодишен извештај за извршување на буџетот и осумнаесет објавиле завршна сметка.

- Пристапот до отворени буџетски податоци, кои ќе им дадат можност на граѓаните да имаат полесен и навремен увид во работењето на јавните институции и ќе им овозможат анализа на истите, е значително отежнат во РМ. Односно, и покрај тоа што континуирано се говори за дигитализација и отворени податоци, само две институциите го имаат објавено буџетот во отворен формат, а тоа се Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација.

- Јавните институции во РМ се повеќе отворени кон споделување на своите генерални стратешки пристапи во решавање на проблемите со кои се соочуваат граѓаните во надлежност на нивното делување, во споредба со објавување на тековните планови за адресирање на утврдените стратешки пристапи. Односно, дванаесет институции

објавиле стратешки план во својата област на работење, а пак само пет од објавиле годишни програми за работа.

- За разлика пристапот на јавните институции кон објавување на информации кои се однесуваат буџетското и програмското работење, пристапот кон објавувањето на и контакт информации и листа на информации од јавен карактер е поотворен. Но и покрај ваквиот пристап на институциите, сепак тие споделуваат мал обем на информации од јавен карактер со јавноста во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер. Односно, од вкупно дваесет и пет дваесет институции објавиле контакт лице за информации од јавен карактер и 21 институција објавила Листа на информации од јавен карактер.

- Јавните институции во 2018 година најмногу објавуваат буџетски документи или со други зборови најголем процент од вкупно објавените документи се буџетски документи 49 %, потоа контакт лице за информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер 36 % и најмалку се објавени програмски документи или само 15 %.

- Во 2018 година институциите од здравствениот сектор објавуваат најмалку документи и информации (11 %) на своите интернет страни во однос на другите сектори, повеќе од здравствениот сектор објавува локалната власт (26 %), Фондот за здравствено осигурување објавува 31 % од вкупно шеснаесет документи и информации, Владата и министерствата во 2018 година објавуваат 35 % од документите и информациите кои треба да се достапни на нивните интернет страни, а најголем процент 37,5 % или вкупно 6 документи и информации во 2018 година , во споредба до другите мониторирани институции, има објавено Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, но сепак недоволно за да истата биде оценета како делумно или пак потполно проактивна институција.

- Само Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Општината Битола во 2018 година го задржаа своето место на листата на делумно проактивни институции како и во претходната година.

- Министерството за информатичко општество и администрација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Општина Струмица, во 2018 година паднаа на нивото на нетранспарентни институции од делумно транспарентни, по однос на проактивното објавување на документи и информации.

- Кај осум (8) или кај 32 % од мониторираните институции, во 2018 година се бележи намалување на бројот на објавени буџетски и програмски документи во однос на 2017 година; девет (9) или 36 % од мониторираните институции во 2018 година објавиле ист број на документи и информации; осум (8) или 32 % од мониторираните институции во 2018 година на својата интернет страна објавиле повеќе документи и информации во однос на 2017 година.

# ПРЕПОРАКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

- Владата на РМ да превземе итни мерки со кои ќе осигури дека сите јавните институции во Република Македонија ги имаат објавено сите 16 клучни буџетски и програмски документи кои се предмет на оваа анализа, со посебен фокус на пред буџетската изјава, извештаи за годишна и тековна буџетска реализација, годишни програми за работа, граѓански буџет, ревизорски извештаи и информации во отворен формат, а со тоа ќе овозможат зголемување на довербата од страна на граѓаните и зацврстување на својот интегритет.

- Секоја од мониторираните институции, на својата интернет страница да ги објави документите кои во табелата, дадена во Анекс 1 на овој документ, се означени со црвено, односно допринеле да таа институција биде оценета како делумно транспарентна или пак потполно нетранспарентна.

- Да се подготви и спроведе план, во соработка со граѓанските организации, за јакнење на капацитетите на јавните институции за развивање и објавување на информации за своето програмско и буџетско работење.

- Владата на РМ да осигури дека сите јавни институции имаат капацитети за континуирано објавување на информации за своето програмско и буџетско работење.

- Владата на РМ да воспостави механизам за континуирано следење на обемот и видот на информации кои ги споделуваат јавните институции, со посебен фокус на институциите од здравствениот сектор и единиците на локална самоуправа кои се непосредни даватели на јавни услуги на граѓаните и институции кои најмалку објавуваат информации за своето работење.

# I. ВОВЕД

Проактивната транспарентност претставува концепт на самоиницијативно објавување на значајни документи и информации за буџетското и програмското работење на јавните институции на нивните интернет страници. Оваа пракса на објавување на документи и информации овозможува јавноста континуирано да биде информирана за законите и одлуките што ја засегаат, како и придонесува за владеење на правото. Освен тоа, овозможува потранспарентно трошење на јавните пари, со што се зацврстува интегритетот на јавните институции. Со оваа пракса се поттикнува подобро управување со информациите, подобрување на внатрешниот тек на информациите и зголемена ефикасност на јавните институции. Сите имателите на информации се должни редовно да ги објавуваат информациите со кои располагаат на своите интернет страни. При тоа овие информации треба да се лесно достапни, разбирливи и употребливи.

Целта на оваа анализа е да го прикаже нивото на проактивна транспарентност на дел од јавните институции во Република Македонија, односно праксата на јавно објавување на документи и информации за нивното програмско и буџетско работење на нивната интернет страница, и да даде препораки за можноста и начинот на унапредување на нивото на проактивност кај јавните институции со тоа што ќе се придонесе кон целокупно унапредување на транспарентноста во државата. Оваа анализа не го оценува квалитетот и времето на објавување на мониторираните документи и информации.

Предмет на оваа анализа е објавувањето на шеснаесет значајни информации/документи за програмското и буџетското работење од страна на дваесет и пет јавни институции, во кои спаѓаат: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, предлог буџет и усвоен буџет, предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџет, полугодишен извештај за извршување на буџет, завршната сметка на буџетот, ревизорскиот извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

За подготовка на оваа анализа објавувањето на споменатите документи се оценува преку поени, при што објавувањето се бодува со еден поен (максимум 16 поени), а необјавувањето со нула поени. Врз основа на поените, сумарната оценка за степенот на проактивна транспарентност на секоја од институциите се оценува со процент на вкупниот број на објавени од вкупно мониторирани документи, односно боја соодветно опишана во легендата подолу (црвена, жолта и зелена).

## II. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО 2018 ГОДИНА

И во 2018 година, како и во изминатите пет години нема значителен напредок во нивото на проактивна транспарентност, иако Владата на РМ во 2017 година ги задолжи јавните институции да објавуваат 21 документ, меѓу кои и документите кои се предмет на оваа анализа. И по шест години во РМ не можат да бидат идентификувани институции кои се потполно проактивно транспарентни.

Во 2018 година, само три од дваесет и пет мониторирани институции се најдоа на листата на делумно транспарентни, кои објавуваат повеќе од 40 % од 16те мониторирани документи и информациите. Односно, на листата на делумно транспарентни јавни институции, од 25те мониторирани, се најдоа Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Општината Битола. Министерството за финансии и понатаму останува единствена институција која што објавува најголем број документи од јавен карактер, односно објавила 12 документи од 16 мониторирани. Во 2018 година таа е единствена институција која што објавила: предлог буџет, граѓански буџет, предложени измени и дополнувања на буџетот.

Останатите дваесет и две институции спаѓаат во листата на проактивно нетранспарентни. Од институциите кои спаѓаат на листата на проактивно нетранспарентни, најмалку објавени документи на своите интернет страни имаат Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Кочани и овие институции имаат објавено само завршна сметка. (Види Табела 1 и Анекс 1)

### ЛЕГЕНДА НА ПРОАКТИВНОСТ

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ**
институцијата што има освоено под 6 поени, или што објавила помалку од 40% од мониторираните документи

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ**
институцијата што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41-75% од мониторираните документи

★ **ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ**
институцијата што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75% или скоро сите мониторирани документи

**Табела 1.**
Сумарна оцена на проактивната транспарентност на мониторираните јавни институции

| Назив на институција | Интернет страна | Оцена |
|---|---|---|
| Влада на РМ | http://vlada.mk/ | ★ |
| Министерство за здравство | http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за финансии | http://www.finance.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за труд и социјална политика | http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за образование и наука | http://mon.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за култура | http://www.kultura.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за надворешни работи | http://www.mfa.gov.mk/index.php/mk/ | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | http://moi.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за правда | http://www.pravda.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за транспорт и врски | http://www.mtc.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за информатичко општество и администрација | http://www.mio.gov.mk/ | ★ |
| Општина Делчево | http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ |
| Општина Шуто Оризари | http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ |
| Општина Виница | http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ |
| Општина Пехчево | http://pehcevo.gov.mk/ | ★ |
| Општина Кочани | http://www.kocani.gov.mk/ | ★ |
| Општина Битола | http://www.bitola.gov.mk/ | ★ |
| Општина Струмица | http://www.strumica.gov.mk/ | ★ |
| Општина Тетово | http://www.tetova.gov.mk/ | ★ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | http://www.komspi.mk/ | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | http://www.fzo.org.mk/ | ★ |
| Институт за јавно здравје | http://www.iph.mk/ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | http://www.cph.mk/ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | http://cjzkocani.org.mk/ | ★ |
| Здравствен дом Скопје | http://www.zds.com.mk/ | ★ |

Во 2018 година ниту една од мониторираните институции нема објавена пред-буџетска изјава и ревизорски извештај во кој се изразени оценки и мислења за финансиското работење на институциите и други објаснувачки белешки кои го потврдуваат квалитетот и исправноста во работењето. Од вкупно мониторираните институции, седумнаесет објавиле усвоен буџет или вкупно 68 % од институциите. Овој документ е значаен поради тоа што го прикажува планирањето на приходите и расходите кои се предвидени за извршување на дејноста на институцијата. Значајно е овој документ да биде објавен и во отворен формат, поради потребата на јавноста од користење на податоците во цели на спроведување анализи и истражувања, и оваа година само две институциите (8 %) го имаат

објавено буџетот во отворен формат, а тоа се Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација. Осум од мониторираните институции (32 %) ги објавиле усвоените измени и дополнувања на буџетот. Месечни извештаи за извршување на буџетот, значајни за следење на континуираното работење во извршувањето на работењето, објавиле само две (8 %) институции, а полугодишен извештај објавиле три од нив (12 %). Мнозинство од институциите и тоа осумнаесет од нив (72 %) објавиле завршна сметка која дава целосна слика на тоа како биле реализирани вкупните средства во текот на целата година.

Во однос на програмските документи, од мониторираните институции само дванаесет (48%) објавиле стратешки план за годината со кој се одредени стратегијата и насоката на дејствување на институцијата во наредниот период. Само пет институции пак (20 %) објавиле годишни програми со кои се обезбедува континуитет во имплементација на тековните процеси, мерки и активности.

Од вкупно мониторираните институции, мнозинство или вкупно дваесет институции (80 %) објавиле контакт лице за информации од јавен карактер, кое е одговорно при посредување со јавноста во случаи на потреба од овие информации. Додека пак, информација која што е достапна на интернет страните кај најголем број од мониторираните институции, и тоа кај 21 институција (84 %), е листа на информации од јавен карактер која се однесува на акти и материјали кои што институциите се обврзани согласно закон да ги објават на своите интернет страни.

Во 2018 година вкупно во просек проактивно се објавуваат само 28 % од буџетските и програмските документи и информации кои треба да бидат јавно достапни на интернет страните. Јавните институции во 2018 година најмногу објавуваат буџетски документи или со други зборови најголем процент од вкупно објавените документи се буџетски документи 49 %, потоа контакт лице за информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер 36 % и најмалку се објавени програмски документи или само 15 %. (Види Табела 2)

**Табела 2.**
Број на институции кои имаат и немаат објавено поединечни документи и информации

| | Вид на документ | Од вкупно 25 мониторирани институции | |
|---|---|---|---|
| | | имаат објавено: | немаат објавено: |
| Буџетски документи | Буџетски календар | 2 | 23 |
| | Пред-буџетска изјава | 0 | 25 |
| | Предлог буџет | 1 | 24 |
| | Граѓански буџет/Поедноставена верзија на буџетот | 1 | 24 |
| | Усвоен буџет | 17 | 8 |
| | Објавен усвоен буџет во отворен формат | 2 | 23 |
| | Предложени изменувања и дополнувања на буџетот | 1 | 24 |
| | Усвоени измени и дополнувања на буџетот | 8 | 17 |
| | Месечни извештаи за извршување на буџетот | 2 | 23 |
| | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | 3 | 22 |
| | Завршна сметка | 18 | 7 |
| | Ревизорски извештај | 0 | 25 |
| Програмски документи | Стратешки план | 12 | 13 |
| | Годишни програми за работа | 5 | 20 |
| Други | Контакт лице за информации од јавен карактер | 20 | 5 |
| | Листа на информации од јавен карактер | 21 | 4 |

Споредувајќи по вид на институција, во 2018 година институциите од здравствениот сектор објавуваат најмалку документи и информации (11 %) на своите интернет страни во однос на другите сектори. Најмалку документи објавено имаат Здравствениот дом Скопје и Центарот за јавно здравје Кочани (еден); потоа Институтот за јавно здравје (два) и на крај Центарот за јавно здравје Скопје (три). Повеќе од здравствениот сектор објавува локалната власт (26 %), и тоа најмалку објавени податоци има објавено Општината Шуто Оризари (само две документи); потоа следат општините Делчево, Кочани и Тетово (објавени три документи); Пехчево (четири); Виница (пет); Струмица (шест) и најмногу објавени документи има општината Битола (вкупно седум). Фондот за здравствено осигурување објавува 31 % од вкупно шеснаесет документи и информации кои треба да се достапни на

нивната интернет страна.  Владата и министерствата во 2018 година објавуваат 35 % од документите и информациите кои треба да се достапни на нивните интернет страни. Најмалку има објавено Министерството за транспорт и врски (две); потоа Министерството за надворешни работи (три); Министерството за правда (четири); Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество (пет); Владата на РМ, Министерството за здравство и Министерството за култура (шест); Министерството за образование и наука (седум) и на крај најмногу објавени документи и информации има Министерството за финансии (дванаесет). Во просек, најголем процент 37,5 % или вкупно 6 документи и информации во 2018 година, во споредба со другите мониторирани институции, има објавено Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, како независно тело, но сепак недоволно за да истата биде оценета како делумно или пак потполно проактивна институција. Оваа институција има дури еден документ повеќе во однос на четирите институции кои спаѓаат во здравствениот сектор. (Види Графикон 1)

**Графикон 1.**
Процент на објавени документи и информации за 2018 година



## III. НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИОТ МОНИТОРИНГ НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ПРИ СПОРЕДБА НА 2018 И 2017 ГОДИНА

Во 2018 година, само Министерството за финансии, Министерството за образование и наука и Општината Битола во 2018 година го задржаа своето место на листата на делумно проактивни институции како и во 2017 година. Министерството за информатичко општество и администрација, Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и Општина Струмица, во 2018 година паднаа на нивото на нетранспарентни институции од делумно транспарентни, по однос на проактивното објавување на документи и информации.

Во 2018 во однос на 2017 вкупно од страна на сите дваесет и пет институции има објавено шест документи повеќе. Во 2018 во споредба со 2017 година, во помал број биле објавени: предлог буџет (една институција помалку); усвоени измени и дополнувања на буџетот и ревизорски извештај (две институции помалку). Шест документи биле објавени од ист број на институции во 2018 како и во 2017 година. Овие документи се: буџетски календар, стратешки план, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, усвоен буџет во отворен формат и предложени измени и дополнувања на буџетот. Додека пак, во поголем број биле објавени: годишни програми за работа, месечни извештаи, полугодишен извештај за извршување на буџетот и завршна сметка (една институција повеќе); контакт лице за информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер (три институции повеќе).

Кај осум (8) или кај 32 % од мониторираните институции, во 2018 година се бележи намалување на бројот на објавени буџетски и програмски документи во однос на 2017 година (Министерството за надворешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација и Општината Кочани објавиле два документи помалку; Министерство за транспорт и врски, Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и општините Битола, Струмица и Тетово објавиле еден документ помалку). Исто број на документи и информации во двете години биле објавени од страна на девет (9) или 36 % од мониторираните институции  Влада на РМ; Министерство за финансии; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за образование и наука; Министерство за правда; Општина Пехчево; Институт за јавно здравје; Центар за јавно здравје Скопје и Здравствен дом Скопје).

И на крај, осум (8) или 32 % од мониторираните институции во 2018 година на својата интернет страна објавиле повеќе документи и информации во однос на 2017 година (Министерството за култура објавило пет документи повеќе; Министерството за здравство и Општина Виница три документи повеќе; Општината Шуто Оризари два документи повеќе; Министерство за внатрешни работи, Фонд за здравствено осигурување, Општината Делчево и Центарот за јавно здравје Кочани еден документ повеќе). (Види Графикон 2)

**Графикон 2.**
Објавени документи и информации по институции за 2018 и 2017 година



**Анекс 1.**
Оцена на степенот на проактивна транспарентност на институциите според објавување на поединечни документи

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Буџетски Календар (1) | Стратешки план (2) | Предбуџетска изјава (3) | Предлог буџет (4) | Граѓански буџет(поедноставена верзија) (5) | Усвоен буџет (6) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за здравство | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за финансии | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за образование и наука | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за култура | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за правда | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за транспорт и врски | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Делчево | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Шуто Оризари | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Виница | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Пехчево | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Кочани | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Општина Битола | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Струмица | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Општина Тетово | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Објавен буџет во отворен формат (7) | Предложени измени и дополнувања (8) | Усвоени измени и дополнувања (9) | Годишни програми (10) | Месечни извештаи за извршен буџет (11) | Полугодишен извештај (12) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ |
| Министерство за здравство | ★ | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ |
| Министерство за финансии | ☆ | ☆ | ☆ | ★ | ☆ | ☆ |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ | ★ | ☆ | ☆ | ★ | ★ |
| Министерство за образование и наука | ★ | ★ | ☆ | ☆ | ★ | ★ |
| Министерство за култура | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за надворешни работи | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за внатрешни работи | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за правда | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за транспорт и врски | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ☆ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Делчево | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ☆ |
| Општина Шуто Оризари | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Виница | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Пехчево | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Кочани | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Битола | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Струмица | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Општина Тетово | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ | ★ | ★ | ☆ | ★ | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ | ★ | ★ | ★ | ☆ | ☆ |
| Институт за јавно здравје | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |
| Здравствен дом Скопје | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ | ★ |

| НАЗИВ НА ИНСТИТУЦИЈАТА | Завршна сметка (13) | Ревизорски извештај (14) | Контакт лице за информации од јавен карактер (15) | Листа на информации од јавен карактер (16) |
|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за здравство | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за финансии | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за образование и наука | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за култура | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за надворешни работи | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за внатрешни работи | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за правда | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Министерство за транспорт и врски | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Делчево | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Општина Шуто Оризари | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Општина Виница | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Пехчево | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Кочани | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Битола | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Струмица | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Општина Тетово | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Институт за јавно здравје | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |

Финансиски поддржано од:

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA / ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ